# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 2/2026 27.02.2026 година Излегува по потреба

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2005 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 9/2024), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип**

I. Се објавуват актите од 7-та редовна седница на Светот на Општина Пробиштип одржана на ден 26.02.2026 година во Службен Гласник на Општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за усвојување Анекс на Годишната Програма за работа на ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2025/2026 година бр.26-259/3;
2. Одлука за усвојување на Извештај за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2025 година бр.26-259/4;
3. Одлука За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Пробиштип за 2025 година бр.26-259/5;
4. Одлука За одобрување на План на програми за развој на Општина Пробиштип за 2026 година бр.26-259/6;
5. Развојна Програма Ф1А за „Изработка на Детален урбанистички план за село Лесново“, Пробиштип за периодот 2026-2028 година бр.26-259/7;
6. Развојна Програма Ф1Б за „Изработка на Урбанистички план за вон населено место „Леговец 2“, Пробиштип за периодот 2026-2028 година бр.26-259/8;
7. Развојна Програма Ф1В за „Изработка на Урбанистички план за вон населено место „Леговец 1“, Пробиштип за периодот 2026-2028 година бр.26-259/9;
8. Развојна Програма Ф1Г за „Изработка на Детален урбанистички план за Блок 14.2 “, Пробиштип за периодот 2026-2028 годинаабр.26-259/10;

9. Развојна Програма Ф1Д за „Изработка на Детален урбанистички план за Блок 16.2 “, Пробиштип за периодот 2026-2028 годинаабр.26-259/11;
10. Развојна Програма Ф1Е за „Изработка на Детален урбанистички план за Блок 18 “, Пробиштип за периодот 2026-2028 годинаабр.26-259/12;
11. Измена на ПОДПРОГРАМА за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Пробиштип за 2026 година (дезинфекција, дезинсекција и дератизација бр.26-259/13;
12. Јавен повик за избор на член на Управен одбор на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип бр.26-259/14;
13. Јавен повик за избор на член на Надзорен одбор на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштипбр.26-259/15;
14. Решение за формирање на Комисија за селекција за избор на членови во Управен одбор и Надзорен одбор на ЈКП Никола Карев Пробиштип бр.26-259/16;
15. Одлука за утврдување на цена за собирање, транспортирање и депонирање комунален цврст отпад на територијата на Општина Пробиштип бр.26-259/17;
16. Одлука за утврдување на висината и начинот на наплата на надоместок за одржување на јавното урбано зеленило на подрачјето на Општина Пробиштип бр.26-259/18;
17. Заклучок по барање од Трајче Иванов бр.26-259/19;
18. Одлука за распишување на избори во Месните самоуправи од Општина Пробиштип бр.26-259/20.

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-259/22
27.02.2026 година
Пробиштип

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ГРАДОНАЧАЛНИК
Тони Тоневски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2015, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002) а во врска со член 108 став 1 алинеа 2 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019, 229/2020, 3/2025, 74/2025, 250/25 и 250/25), Советот на општина Пробиштип расправајќи по Анекс на Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2025/2026 година, на седницата одржана на ден 26.02.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за усвојување Анекс на Годишната Програма за работа на ООУ „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2025/2026 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Анексот на Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2025/2026 година бр.02-42/5 од 02.02.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Анексот на Годишната Програмата за работа на Општинското основно училиште „Никола Карев“ од Пробиштип за учебната 2025/2026 година бр.02-42/5 од 02.02.2026 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-259/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.02.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр. 202/2024) и член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип 4/2005, 25/2014 и 29/2015, 23/2019 и 9/2024) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.02.2026 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за работата на**
**Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2025 година**

Член 1

Се усвојува Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2025 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица Пробиштип за 2025 година.

Член 3

Одлуката стапува во со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-259/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.02.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002 и Службен Весник на РСМ бр.202/2024), и член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014, 29/2015, 23/2019 и 09/2024), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.02.2026 година, расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Пробиштип за 2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Пробиштип за 2025 година**

Член 1

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Пробиштип за 2025 година бр.08-258/1 од 19.02.2026 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот за реализација на Програмата за изградба и одржување на локални патишта и улици во општина Пробиштип за 2025 година бр. 08-258/1 од 19.02.2026 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-259/5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.02.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21-б од Законот за буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21 и 3/25), и член 23 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19,

53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) , Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.02.2026 ја усвои следната

**ОДЛУКА**

**За одобрување на План на програми за развој на Општина Пробиштип за 2026 година**

Член 1

Со оваа одлука се одобрува Планот на програми за развој на Општина Пробиштип за 2026 година , со следните развојни програми:

1. Развојна програма Ф1А за проектот Изработка на Детален урбанистички план за село Лесново, Пробиштип;
2. Развојна програма Ф1Б за проектот Изработка на Урбанистички план за вон населено место „Леговец 2", Пробиштип;
3. Развојна програма Ф1В за проектот Изработка на Урбанистички план за вон населено место „Леговец 1", Пробиштип;
4. Развојна програма Ф1Г за проектот Изработка на Детален урбанистички план за Блок 14.2, Пробиштип;
5. Развојна програма Ф1Д за проектот Изработка на Детален урбанистички план за Блок 16.2, Пробиштип;
6. Развојна програма Ф1Е за проектот Изработка на Детален урбанистички план за Блок 18, Пробиштип.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Планот на програмите за развој на Општина Пробиштип за 2026 година со развојните програми и истите се составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2026 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-259/6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.02.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен весник на Република Северна Македонија" број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21и 3/25), член 23 од Законот за финансирање на единиците

на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) и член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РСМ“ број 5/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пробиштип, број 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.02.2026 ја усвои следната

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА Ф1А**
**за „Изработка на Детален урбанистички план за село Лесново, Пробиштип “**
**за периодот 2026-2028 година**

**1. Цели:**

Со Изработка на Детален урбанистички план за село Лесново, Пробиштип се овозможува уредување и хуманизација на просторот, зголемен економски раст, поголема атрактивност на просторот, привлекување инвестиции, создавање услови за бизнис клима.

**2. Трошоци и време за реализација на програмата:**

- 2026 година изработка на ДУП......................50.000,00 денари
- 2027 година изработка на ДУП................1.450.000,00 денари
- 2028 година изработка на ДУП................1.500.000,00 денари

**Вкупно предвидени средства:......... 3.000.000,00 денари**

**3. Извори на финансирање на програмата:**

Развојната програма ќе се финансира преку средства обезбедени од Буџетот на општина Пробиштип.

Развојната програма влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-259/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.02.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21и 3/25), член 23 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) и член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РСМ“ број 5/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пробиштип, број 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.02.2026 ја усвои следната:

РАЗВОЈНА ПРОГРАМА Ф1Б

**за „Изработка на Урбанистички план за вон населено место „Леговец 2“, Пробиштип “**

**за периодот 2026-2028 година**

**1. Цели:**

Со Изработка на Урбанистички план за вон населено место „Леговец 2“, Пробиштип се овозможува уредување и хуманизација на просторот, зголемен економски раст и вработување, поголема атрактивност на просторот, нови локации за лесна индустрија.

**2. Трошоци и време за реализација на програмата:**

- 2026 година изработка на УПВНМ........................50.000,00 денари
- 2027 година изработка на УПВНМ.....................950.000,00 денари
- 2028 година изработка на УПВНМ..................1.000.000,00 денари

**Вкупно предвидени средства:.................. 2.000.000,00 денари**

**3. Извори на финансирање на програмата:**

Развојната програма ќе се финансира преку средства обезбедени од Буџетот на општина Пробиштип.

Развојната програма влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-259/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.02.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21и 3/25), член 23 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) и член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РСМ“ број 5/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пробиштип, број 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.02.2026 ја усвои следната

РАЗВОЈНА ПРОГРАМА Ф1В

**за „Изработка на Урбанистички план за вон населено место „Леговец 1“, Пробиштип “**

**за периодот 2026-2028 година**

**1. Цели:**

Со Изработка на Урбанистички план за вон населено место „Леговец “, Пробиштип се овозможува уредување и хуманизација на просторот, зголемен економски раст и вработување, поголема атрактивност на просторот, нови локации за домување.

**2. Трошоци и време за реализација на програмата:**

- 2026 година изработка на УПВНМ.......................50.000,00 денари
- 2027 година изработка на УПВНМ.....................950.000,00 денари
- 2028 година изработка на УПВНМ.................1.000.000,00 денари

**Вкупно предвидени средства:................. 2.000.000,00 денари**

**3. Извори на финансирање на програмата:**

Развојната програма ќе се финансира преку средства обезбедени од Буџетот на општина Пробиштип.

Развојната програма влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-259/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.02.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21и 3/25), член 23 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) и член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РСМ“ број 5/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пробиштип, број 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.02.2026 ја усвои следната

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА Ф1Г**
**за „Изработка на Детален урбанистички план за Блок 14.2, Пробиштип “**
**за периодот 2026-2028 година**

**1. Цели:**

Со Изработка на Детален урбанистички план за Блок 14.2, Пробиштип се овозможува уредување и хуманизација на просторот, зголемен економски раст и вработување, поголема атрактивност на просторот, привлекување инвестиции и поттикнување на производството и развојот, создавање услови за бизнис клима, нови локации за деловна намена.

**2. Трошоци и време за реализација на програмата:**

- 2026 година изработка на ДУП......................40.000,00 денари
- 2027 година изработка на ДУП....................310.000,00 денари
- 2028 година изработка на ДУП...................350.000,00 денари

**Вкупно предвидени средства:.............. 700.000,00 денари**

**3. Извори на финансирање на програмата:**

Развојната програма ќе се финансира преку средства обезбедени од Буџетот на општина Пробиштип.

Развојната програма влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-259/10
26.02.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21и 3/25), член 23 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) и член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РСМ“ број 5/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пробиштип, број 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.02.2026 ја усвои следната

**РАЗВОЈНА ПРОГРАМА Ф1Д**
**за „Изработка на Детален урбанистички план за Блок 16.2, Пробиштип “**
**за периодот 2026-2028 година**

**1. Цели:**

Со Изработка на Детален урбанистички план за Блок 16.2, Пробиштип се овозможува уредување и хуманизација на просторот, зголемен економски раст, поголема атрактивност на просторот, привлекување инвестиции и поттикнување на производството и развојот, нови локации за домување.

**2. Трошоци и време за реализација на програмата:**

- 2026 година изработка на ДУП......................50.000,00 денари
- 2027 година изработка на ДУП....................600.000,00 денари

- 2028 година изработка на ДУП...................650.000,00 денари

**Вкупно предвидени средства:........... 1.300.000,00 денари**

**3. Извори на финансирање на програмата:**

Развојната програма ќе се финансира преку средства обезбедени од Буџетот на општина Пробиштип.

Развојната програма влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-259/11
26.02.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21-б од Законот за Буџети („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21и 3/25), член 23 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25) и член 36 став (1) точка (2) од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РСМ“ број 5/02 и Службен весник на РСМ број 202/24) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пробиштип, број 4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.02.2026 ја усвои следната

## РАЗВОЈНА ПРОГРАМА Ф1Е
## за „Изработка на Детален урбанистички план за Блок 18, Пробиштип “
## за периодот 2026-2028 година

**1. Цели:**

Со Изработка на Детален урбанистички план за Блок 18, Пробиштип се овозможува уредување и хуманизација на просторот, зголемен економски раст, поголема атрактивност на просторот, привлекување инвестиции и поттикнување на производството и развојот, нови локации за домување.

**2. Трошоци и време за реализација на програмата:**

- 2026 година изработка на ДУП......................50.000,00 денари
- 2027 година изработка на ДУП.................1.200.000,00 денари
- 2028 година изработка на ДУП................1.250.000,00 денари

**Вкупно предвидени средства:...........2.500.000,00 денари**

**3. Извори на финансирање на програмата:**

Развојната програма ќе се финансира преку средства обезбедени од Буџетот на општина Пробиштип.

Развојната програма влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-259/12
26.02.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 18 од Законот за јавно здравје (Службен весник на РМ 22/2010 и 136/2011) и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002 и Службен весник на РСМ број 202/24), Градоначалникот на општина Пробиштип му предлага на Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.02.2026 година ја донесе следната

**Измена на ПОДПРОГРАМА**
**за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Пробиштип за 2026 година (ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА)**

Со оваа измена на подпрограмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Пробиштип за 2026 година (дезинфекција, дезинсекција и дератизација) бр.26-1101/18-1 од 09.12.2025 година, се менува табеларниот дел од Акциониот план за спроведување на активностите од Програмата за заштита на населенито од заразни болести за 2026 година и ќе гласи:

**АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2026 ГОДИНА**

| Ред.бр. | Мерки за заштита на населението | Временка рамка на преземени мерки | Субјект кој ке ја спроведе мерката | Потребни средства во денари |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Мапирање на површините на кои треба да се изврши дезинсекцијата и дератизација | Јануари | Општина Пробиштип(ЦРИПР), заедно со МЖСПП, ЦЈЗ, АХВ, ЦУК | / |
| 2. | Проценка на типот на средства и трошоците за | Февруари | ЦЈЗ и општина Пробиштип (ЦРИПР), | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | набавка на средства за дезинсенција и дератизација | | | |
| 3. | Јавна набавка на извршител за спроведување на дезинсекција и дератизација | Февруари | Општина Пробиштип | / |
| 4. | Спроведување на ларвицидна дезинсекција | Март(х 1) Април(х1) | Избран извршител | 220.000,00 |
| 5. | Адултицидно третирање против возрасни комарци на територијата на општина Пробиштип - од земја | Мај( х 1) Јуни (х 1) Јули( х 2) Август( х 1) | Избран извршител | 580.000,00 |
| 6. | Дератизација | Март(х1) Октомври(х 1) | Избран извршител | 200.000,00 |
| 7. | Печатење на инфо-материјали, дистрибуција и медиумска кампања | Април - Септември | Општина Пробиштип(ЦРИПР), со МЖСПП, АХВ, НВО и др. | |
| 9. | Извештај за спроведени активности | Мај - Декември | Избран извршител до општина Пробиштип (ЦРИПР), | |
| **Вкупно :** | | | | **1.000.000,00** |

Забелешка: Цените се со вкалкулиран ДДВ 18 %.

Оваа Програма за изменување на Подпрограмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести на територијата на општина Пробиштип за 2026 година (ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА) влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-259/13
26.02.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 17-а став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„бр. 75/19,89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управен Одбор и Надзорен Одбор на јавните претпријатија, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.213 /2024), Советот на Општина Пробиштип објавува:

**Јавен повик**
**за избор на член на Управен одбор на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип**

1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на 1 член на Управниот Одбор на ЈКП „Никола Карев “ Пробиштип.

Постапката се спроведува согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управен Одбор и Надзорен Одбор на јавните претпријатија, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.213 /2024).

Основна дејност на претпријатието е 36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода

Покрај основната дејност, ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип ги врши и следните дејности:
37.00 - Отстранување на отпадни води
38.11 - Собирање на безопасен отпад
38.21 - Обработка и отстранување на безопасен отпад
39.00 - Дејности за санација и останати услуги за управување со отпад
68.32 - Управување со недвижен имот со хонорар или врз база на договор
81.10 - Комбинирани помошни дејности на објектите
81.22 - Останати дејности на чистење на згради и објекти
81.30 - Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина

ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите заинтересирани физички лица кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Пробиштип www.probistip.gov.mk и на страната на ЈКП „Никола Карев“ Пробишти https://jkpnikolakarev.com.mk/

## 3. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на Управен одбор на јавното претпријатие може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен Vll степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите наведени во член 17 став 4 од Законот за јавни претпријатија, членовите на управниот одбор треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:

- најмалку еден член на УО треба да има најмалку три години работно искуство од областа на правните работи и

Времетраењето на мандатот на членот изнесува до истекот на мандатот на другите членови на УО на ЈКП Никола Карев Пробиштип, со право на уште еден последователен мандат.

## 4. РАБОТНИ ЗАДАЧИ, ОДГОВОРНОСТИ, ПРАВА И ОБВРСКИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР

Согласно член 19 од Законот за јавните претпријатија, Управниот Одбор ги има следните работни задачи, одговорности, права и обврска и тоа:

1. Го донесува статутот на јавното претпријатие;
2. Ги усвојува програмата за работа и развој на јавното претпријатие;
3. Ја утврдува деловната политика;
4. Ги усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие;
5. Одлучува за употребата на средствата остварени со работењето на јавното претпријатие и покривање на загубите,
6. Ги донесува одлуките за инвестиции;
7. Ги утврдува цените на производите и услугите,
8. Одлучува за внатрешната организација на јавното претпријатие;
9. Го донесува актот за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените и
10. Врши други работи утврдени со актот за основање и статутот на јавното претпријатие.

## 5. НАДОМЕСТОК

Претседателот и членовите на управниот одбор имаат право на месечен надоместок за својата работа, врз основа на присуство на седници на управниот одбор на јавното претпријатие. Вкупниот месечен надоместок на претседателот и членовите на УО поединечно не смее да го надмине износот од една половина од просечната нето-плата на вработените во ЈП исплатена во претходната година. Висината на месечниот надоместок за претседателот и членовите на УО ја утврдува основачот на јавното претпријатие.

Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на УО на ЈКП „Никол Карев“ Пробиштип се:

1. Образец за пријавување
2. Државјанство на Република Северна Македонија,
3. Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VIl/1 степен образование,
3. Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
4. Историјат за вработување од Агенција за вработување на Република Северена Македонија со евидентиран стаж,
5. Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна материјална, морална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведените податоци во пријавата и за поднесената документација,
6. Кратка биографија,
7. Писмо за интерес/мотивација,
8. Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

## 9. ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ

Постапката за селекција на членовите на управниот одбор на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип се состои од две фази и тоа:

- административна селекција (се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во Јавниот повик) и бодување и
- интервју.

За кандидатите за кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот повик или не ги доставиле потребните докази, постапката на селекција завршува. Административната селекција завршува најдоцна 10дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на јавниот повик. Комисијата, најдоцна 10 дена од денот на завршување на административната селекција спроведува интервју со кандидатите кои успешно ја поминале административната селекција. Начин на бодување на секоја од фазите на селекција е утврден согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за проjавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на УО и НО на ЈП, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.213 /2024).

Точниот датум, време и место на оддржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Општина Пробиштип: www.probistip.gov.mk

## 8. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Јавниот повик се објавува на ден 09.03.2026 година и трае 5 (пет) дена, односно најдоцна до 13.03.2026 година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оргинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е прилог кон повикот) да ја достават до:

Општина Пробиштип, ул„Јаким Стојковски" бр.1, Пробиштип или во архива на Општина Пробиштип (со назнака: За Јавен повик за именување на член на Управен Одбор на ЈКП „Никола Карев" Пробиштип).

Краен рок за поднесување на пријавите е 13.03.2026 година.

Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови во управниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

Број 26-259/14 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.02.2026 година — ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип — Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 17-а став 2 од Законот за јавните претпријатија („Службен Весник на Република Македонија„ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен Весник на Република Северна Македонија„бр. 75/19,89/22, 274/22208/24 I 193/25) како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управен Одбор и Надзорен Одбор на јавните претпријатија, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.213 /2024), Советот на Општина Пробиштип објавува:

**Јавен повик**
**за избор на членови на Надзорен одбор на ЈКП „Никола Карев" Пробиштип**

## 1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на 3 членови на Надзорниот Одбор за вршење контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП „Никола Карев" Пробиштип.

Постапката се спроведува согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на Управен Одбор и Надзорен Одбор на јавните претпријатија, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.213 /2024).

Основна дејност на претпријатието е 36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода

Покрај основната дејност, ЈКП „Никола Карев" Пробиштип ги врши и следните дејности:

37.00 - Отстранување на отпадни води
38.11 - Собирање на безопасен отпад
38.21 - Обработка и отстранување на безопасен отпад
39.00 - Дејности за санација и останати услуги за управување со отпад
68.32 - Управување со недвижен имот со хонорар или врз база на договор
81.10 - Комбинирани помошни дејности на објектите
81.22 - Останати дејности на чистење на згради и објекти
81.30 - Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина

## 2. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите заинтересирани физички лица кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Пробиштип www.probistip.gov.mk и на страната на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип https://jkpnikolakarev.com.mk/

## 3. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на Управен одбор на јавното претпријатие може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен Vll степен образование и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен условите наведени во член 17 став 4 од Законот за јавни претпријатија, членовите на управниот одбор треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:

- еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраењето на мандатот на членот изнесува 4 години, со право на уште еден последователен мандат.

## 4. РАБОТНИ ЗАДАЧИ, ОДГОВОРНОСТИ, ПРАВА И ОБВРСКИ НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР

Согласно член 27 од Законот за јавните претпријатија, Надзорниот Одбор ги има следните работни задачи, одговорности, права и обврска и тоа:

1. Ги вршење на работите на контрола надзорниот одбор за контрола може да врши испитување на лице место на сите документи и списи на јавното претпријатие. Надзорниот одбор за контрола може заради испитување на документите и списите на јавното претпријатие да повика стручни лица кои ќе му помагаат во решавањето на надзорот.

2. Членовите на надзорниот одбор за контрола можат да присуствуваат на седницата на управниот одбор и им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на управниот одбор.
3. Надзорниот одбор за контрола задолжително ги прегледува тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатие и по прегледувањето му дава мислење на управниот одбор. Управниот одбор не може да ги усвои тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие, ако претходно не добие позитивно мислење од надзорниот одбор за контрола.
4. Надзорниот одбор за контрола може да дава одобрение на актите донесени од управниот одбор, доколку тоа е утврдено со статутот на јавното претпријатие.
5. Извештајот за прегледот на годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие со свое мислење, надзорниот одбор за контрола му го доставува на министерот за финансии. Во извештајот до министерот за финансии, надзорниот одбор за контрола го известува за состојбата на јавното претпријатие врз чие работење врши контрола. Надзорниот одбор за контрола копие од извештајот му доставува и на министерот надлежен за работите на соодветната дејност.

## 5. НАДОМЕСТОК

Претседателот и членовите на надзорниот одбор на јавното претпријатие за секоја седница на надзорен одбор на која присуствувале имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на УО на ЈКП „Никол Карев“ Пробиштип се:

1. Образец за пријавување
2. Државјанство на Република Северна Македонија,
3. Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
4. Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна забрана за вршење на професија, дејност или должност,
5. Историјат за вработување од Агенција за вработување на Република Северена Македонија со евидентиран стаж,
6. Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна материјална, морална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведените податоци во пријавата и за поднесената документација,
7. Кратка биографија,
8. Писмо за интерес/мотивација,
9. Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

## 6. ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ

Постапката за селекција на членовите на Надзорниот одбор на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип се состои од две фази и тоа:

- административна селекција (се состои од проверка на внесените податоци во пријавата со условите утврдени во Јавниот повик) и бодување и
- интервју.

За кандидатите за кои при административната селекција се утврди дека не ги исполнуваат условите утврдени во јавниот повик или не ги доставиле потребните докази, постапката на селекција завршува. Административната селекција завршува најдоцна 10дена по истекот на рокот за пријавување на кандидатите на јавниот повик. Комисијата, најдоцна 10 дена од денот на завршување на административната селекција спроведува интервју со кандидатите кои успешно ја поминале административната селекција. Начин на бодување на секоја од фазите на селекција е утврден согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на УО и НО на ЈП, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување, начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен Весник на Република Северна Македонија бр.213 /2024).

Точниот датум, време и место на оддржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Општина Пробиштип: www.probistip.gov.mk

## 7. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Јавниот повик се објавува на ден 09.03.2026 година и трае 5 (пет) дена, односно најдоцна до 13.03.2026 година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оргинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е прилог кон повикот) да ја достават до:

Општина Пробиштип, ул„Јаким Стојковски” бр.1, Пробиштип или во архива на Општина Пробиштип (со назнака: За Јавен повик за именување на член на Надзорен Одбор на ЈКП „Никола Карев“ Пробиштип)

Краен рок за поднесување на пријавите е 13.03.2026 година.

Незадоволните кандидати од постапката за селекција за членови во Надзорниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

Број 26-259/15<br>26.02.2026 година<br>Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП<br>ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>Бојан Серафимовски с.р.

Врз основа на член 17-а став став 7 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016, 64/2018, 35/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), а на предлог на Градоначалникот на Општина Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.02.2026 година донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**За формирање на Комисија за селекција за избор на членови во Управен одбор и Надзорен одбор на ЈКП Никола Карев Пробиштип**

1. Се формира Комисија за селекција за избор на членови во Управен одбор и Надзорен одбор на ЈКП Никола Карев Пробиштип, врз основа на објавен јавен повик.
2. Во Комисија селекција за избор на членови во Управен одбор и Надзорен одбор на ЈКП Никола Карев Пробиштип се избираат:

- Валентина Ангеловска вработена во Општина Пробиштип-за претседател;
- Мише Милановски вработен во Општина Пробиштип – за заменик претседател;
- Драгана Јовчевска вработена во Општина Пробиштип во одделение за човечки ресурси-за член;
- Бобан Стојмировски вработена во Општина Пробиштип- во одделение за човечки ресурси за заменик член;
- Александар Пешевски вработен во ЈКП Никола Карев Пробиштип -за член;
- Јорданка Миланова-вработена во ЈКП Никола Карев –за заменик член.

3. Комисијата има за задача согласно Законот за јавните претпријатија да изврши селекција на кандидати за избор на членови во Управен одбор и Надзорен одбор на ЈКП Никола Карев, и да достави ранг листа до Советот на Општина Пробиштип.
4. Решението стапува во сила со објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-259/16
26.02.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014, 29/2015 и 23/2019) и член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр. 5/2002), и член 11 став 1 точка 5 од Закон за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018; 35/2019, 89/2022, 74/2022, 208/2024 и 193/2025) Советот на општина Пробиштип расправајќи по барањето согласност на ЈКП Никола Карев Пробиштип на Одлука за утврдување на цена за собирање, транспортирање и депонирање комунален цврст отпад на територијата на Општина Пробиштип бр. 02-154/1 од 18.02.2026 година, на седницата одржана на ден 26.03.2026 година донесе:

**ОДЛУКА**
**За давање согласност на Одлука за утврдување на цена за собирање, транспортирање и депонирање комунален цврст отпад на територијата на Општина Пробиштип**

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за утврдување на цена за собирање, транспортирање и депонирање комунален цврст отпад на територијата на Општина Пробиштип бр.02-154/1 од 18.02.2026 година донесена од УО на ЈКП Никола Карев Пробиштип.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Одлуката за утврдување на цена за собирање, транспортирање и депонирање комунален цврст отпад на територијата на Општина Пробиштип бр.02-154/1 од 18.02.2026 година донесена од УО на ЈКП Никола Карев Пробиштип.

Член 3

Одлуката влегува во со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-259/17 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.02.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и 2 од Законот за локалната самоуправа член 39 од Законот за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 224/24), член 5 точка 9 , член 25 став 2 алинеја 4, член 26 и член 28 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на Република Македонија“ број 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20, 255/24, 3/25 и 17/25), Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.02.2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на висината и начинот на наплата на надоместок за одржување на јавното урбано зеленило на подрачјето на Општина Пробиштип**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Со оваа одлука се утврдуваат обврзниците, висината, основата, начинот на пресметка и начинот на наплата на надоместокот за одржување на јавното урбано зеленило на подрачјето на Општина Пробиштип (во натамошниот текст: надоместок).

Одржувањето на јавното урбано зеленило, согласно член 5 точка 9 од Законот за комуналните дејности, претставува комунална дејност од јавен интерес за Општината и нејзините жители.

Средствата прибрани од надоместокот утврден со оваа одлука се користат наменски за финансирање на активностите за одржување и заштита на јавното зеленило

**Член 2**

Одржувањето на урбаното зеленило подразбира планирање, проектирање, подигање, заштита и реконструкција на зелените површини во границите на плански опфат на урбанистички план, како и зелените површини во непосредна близина на градот како и во други населени места во општината, локации надвор од планскиот опфат, како парк - шуми, спортско - рекреативни објекти и др.

**Член 3**

Урбаното зеленило опфаќа:

1. Јавно зеленило кое е добро за општа употреба и е во надлежност на општината, а типови на јавно зеленило се: парк, парк - шума, зелен плоштад, дрворед, зелен коридор, заштитно зеленило, неуредено зеленило и друго зеленило на јавни отворени простори.

2. Останато зеленило се зелени површини или земјиште наменето за озеленување кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица или дадени на нивно користење.

**Член 4**

Под одржување, користење на паркови, зеленило, парк - шуми, водни и рекреативни површини се подразбира подигање, одржување и користење на зелени површини, садење на ниска и висока вегетација и слично.

Типови останато зеленило се: зелени површини покрај објекти за домување (станбени куќи, станбени згради и друго), зелени површини покрај комерцијални и деловни објекти (комерцијални и деловни единици, угостителски единици, хотелски комплекси и сл.), зелени површини покрај објекти на јавни институции (образовни, здравствени, социјални, културни, државни, верски и др.), зелени површини покрај објекти за производство, дистрибуција и сервис (мали и големи комерцијални и деловни единици, угостителски единици, хотелски комплекси и др. ), зелени површини покрај објекти за спорт, рекреација и меморијални простори (гробишта и меморијални паркови), зелени површини покрај инфраструктура (комунална, некомпатибилна и др.), посебни зелени комплекси (ботанички градини, зоолошки градини, изложби на цвеќе и сл.), расадници, зеленило на кровни тераси и вертикални зелени фасади.

**Член 5**

Подигањето, одржувањето, заштитата и реконструкција на јавното зеленило се врши врз основа на Годишната програма донесена од страна на Советот на општина Пробиштип.

**Член 6**

Подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела на сопствена сметка.

**Член 7**

Одржување на зеленилото е обврска на сите физички и правни лица независно од видот на сопственоста.

Одржувањето на јавното зеленило на подрачјето на општина Пробиштип е дејност од јавен интерес од локално значење и истото ќе го врши ЈКП Никола Карев-Пробиштип кое е регистрирано за вршење на оваа дејности согласно со закон во понатамошен текст: давател на услугата, а врз основа на Годишната програма за подигање и одржување на зеленилото усвоена од Советот на општината.

Одржувањето на останатото зеленило е во надлежност на правни и физички лица кои се нивни сопственици или корисници, кои можат на своја сметка обврската за одржување на зеленилото да ја доверат на правно лице регулирано за вршење на работите за одржување на зеленилото.

Во случај на промена на сопственоста, давање или пренесување права за користење над парцелата, се пренесува и обврската за одржување на зеленилото.

## II. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОК

**Член 8**

Надоместокот за одржување на урбаното зеленило на територијата на општина Пробиштип го утврдува Советот на општината и изнесува:

- за физички лица во градот Пробиштип - 80 денари месечно,
- за физички лица во населено место Злетово - 40 денари месечно,
- за правни лица кој вршат дејност на територијата на општина Пробиштип - 160 денари месечно
- за правни лица кои вршат дејнсот од областа на тешка и загадувачка индустрија – 10.000 денари месечно.

## III. НАЧИН НА НАПЛАТА

**Член 9**

Средствата обезбедени од надоместокот утврден со оваа одлука се приход на Буџетот на Општина Пробиштип, согласно член 26 став 3 од Законот за комуналните дејности.

Средствата од став 1 на овој член се користат наменски за финансирање на одржувањето и заштитата на јавното зеленило, во согласност со Годишната програма донесена од Советот на Општината,

Наплатата на надоместокот за одржување на урбаното зеленило се врши преку доставување на сметка односно фактурата за комунални услуги од ЈКП Никола Карев Пробиштип, и се прикажува одвоено на сметката.

## IV. АКТИВНОСТИ

**Член 10**

Активностите кои се финансираат со средствата од овој надоместок особено опфаќаат:

1. Косење на тревни површини;
2. Собирање и отстранување на паднати лисја, гранки и друг отпад од зелените површини;
3. Кастрење и обликување на дрвја, живи огради и грмушки;
4. Санитарна сеча на исушени, оштетени или болни дрвја и гранки кои претставуваат опасност;
5. Засадување на нов растителен материјал (дрвја, садници, цвеќе) и обновување на тревници;
6. Наводнување на зелените површини;
7. Заштита на растенијата од болести и штетници;
8. Одржување на чистотата на патеките, клупите и другата урбана опрема во рамките на јавните зелени површини;
9. Други неопходни операции за зачувување и унапредување на вредноста и функцијата на јавното зеленило, утврдени со Годишната оперативна програма.

## V. НАДЗОР И МЕРКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

**Член 11**

Надзор над примената на оваа Одлука се врши согласно Закон за комунални дејности и Законот за урбано зеленило

Контрола над одржувањето на јавната чистота согласно оваа Одлука вршат општинските комунални инспектори и комунални редари.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Сл. гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-259/18 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.02.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовскис.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 9/24) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.03.2026 година, расправајќи по барањето од Трајче Иванов, а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Барањето од Трајче Иванов ул.„Македонија" бр. 9 Злетово бр. 26-156/1 од 27.01.2026 година за еднократна парична помош за операција на срце во Турција на дете Дамјан Иванов, внук на баратлот, се прифаќа и се одобруваат 30.000 денари.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-259/19 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
26.02.2026 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Бојан Серафимовски с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 а во врска со член 95-110 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/05, 25/14, 29/15, 23/19 и 09/24), На предлог

на Градоначалникот, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 26.02.2026 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за распишување на избори во Месните самоуправи**
**од Општина Пробиштип**

Член 1

Се задолжува Градоначалникот на општина Пробиштип да распише избори за Совет и Претседател во Месните заедници во населените места од општината и урбаните заедници во градот Пробиштип.

Член 2

Се задолжуват Комисијата за месна самоуправа при Советот на општината да ги преземе сите потребни мерки за легитимно спроведување на изборите во Месните самоуправи.

Член 3

Изборите да се спроведат во рок од 90 дена од распишувањето, согласно позитивните законски прописи од оваа област.

Член 4

Одлуката стапува во сила од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-259/20
26.02.2026 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Бојан Серафимовски с.р.